Мирјана Павловска - Шулајковска

# ХОРОТ „ПИКОЛО“ ТРАНСПОЗИЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ВОКАЛЕН СОЛИСТИЧКИ РЕПЕРТОАР

Во текот на 80 - те години од минатиот век во нашата земја, во услови на развиен музички живот, го забележуваме постоењето на детскиот хор „Пиколо“. Неговото појавување е во период кога професионалните музички институции успешно бележеа речиси петдецаниско континуирано работење, вклучувајќи го и музичкото образование во целина и континуитетот на делувањето на повеќе генерации продуктивни и репродуктивни уметници. Од друга страна континуитетот на хорската уметност кај нас во овој период резултира со постоење на повеќе хорски ансамбли во повеќе градови во Македонија: во Скопје значајна улога за развојот на хорската репродуктива одигрува Хорот на Македонската Радио Телевизија, Академскиот хор „Мирче Ацев“, хорот „Кочо Рацин“, женскиот младински хор „25 мај“, хорот на просветните работници „Св. Кирил и Методиј“, хорот при КУД „Стив Наумов“ во Битола, женскиот младински хор „Менада“ во Тетово, мешаниот хор при Домот на културата „Иљо Антевски Смок“ исто во Тетово и други, а од детските хорови активно работат хорот „Развигорче“, детскиот хор „Лале“ од Тетово и детскиот хор „Деница“ од Струмица.

Хорот „Пиколо“ е формиран во октомври 1988 година. Негов основоположник и сеуште активен двигател е Весна Димчевска – диригент и професор по солфеж во Државниот музичко - балетски училишен центар „Илија Николовски – Луј“ во Скопје. Со завршеното образование на отсекот по музичка теорија и педагогија на Факултетот за музичка уметност во Скопје и долгогодишно активно занимавање со хорската уметност, односно членувањето во хоровите „Мирче Ацев“ и Хорот на Македонската радио – телевизија и водењето на хорот „Изворче“, таа започнува со реализација на нејзината замисла – формирање на детски хор, чија главна карактеристика ќе биде изведба на професионалниот вокален солистички репертоар наменет за детски хор. Во тој период, а и денес хорот „Пиколо“ е единствениот детски хор кој го негува овој вид на репертоар кај нас и пошироко на Балканот. И несомнено, нејзината синтагма: „ Во работата одсекогаш сакав да бидам оригинална“, се преточува во досега тридецениско работење

забележано од стручната јавност како: „ Ангелски пој“ – најверојатно најблиската дискурзивна одредница која како и самата необјаснива, сепак, некако најточно го детонира чувството кај секој слушател којшто имал можност барем за миг да биде „облеан“ од звуците на нивните изведби. Обидот пак сиот занес, возбудливата емоција, треперењето на срцето, целосно да се „оправдаат“ со нашиот априорен став предизвикан од возраста на малите пејачи паѓа во вода оној момент кога ќе се уочи дека нивните изведби воопшто не се „мали“, не се детски, дека тие се несразмерни со нивната биолошка возраст...“ (Коловски Марко. 1998. „Малите анѓели“ во Ревија – МОК. бр.2:27).

И токму затоа, овие карактеристики ја одредуваат нашата интенција за обработка на делувањето на хорот „Пиколо“.

Основен извор за ова истражување беше личната архива на диригентката Весна Димчевска. Истражувањето се одвиваше во текот на 2009-10 година, и се однесува на периодот од 1988 – 2003 година од работењето на овој хор. Според базата на податоци која ја содржеше Архивата се диференцираа и главните параметри.

*Членови на хорот*

Хорот „Пиколо“ е формиран, опстојува и работи во рамките на Државниот музичко – балетски училишен центар „Илија Нколовски – Луј“ во Скопје.

На почетокот од неговото формирање во 1988 година хорот се состои од ученици од подготвителните години од основниот музички оддел на возраст од 4 – 9 години. На почетокот на секоја нова учебна година составот на членовите на хорот се проширува со прием на нови членови од подготвителните години (со новите промени од прво одделение основно музичко образование). Така со текот на годините хорот „Пиколо“ е составен од ученици од сите години на основното музичко образование, на возраст од 6 – 13 години. Во просек, во хорот годишно членуваат по 52 члена.

А, по извршените аудиции започнува макотрпното и долготрајно изучување на хорската уметност, најнапред во доменот на вокалната техника, положбата на телото, дишењето, импостацијата на гласот, потоа и работа на елементите на хорскиот звук во поглед на интонацијата и вокалната складност на хорот, ритамот, метриката, разработувањето на мелодијата, темпото, агогика, динамика, тонската

артикулација, а преку нив и создавањето на високи естетски вредности во изведувањето на делата.

Во овој контекст кај децата покрај развивањето на интелектуално – аудитивната компонента, преку педагошко – дидактичките способности на диригентката Весна Димчевска и нејзината љубов кон музиката, кај нив се развиваат и низа сегменти во поглед на развојот на емоционалната интелигенција, нивното позитивно мислење и професионален развој.

Од членовите на хорот „Пиколо“, во текот на неговото постоење, 80 ученици се определиле за музиката како нивна професија. Многу од нив се занимаваат со сериозната музика, но дел од нив се активни чинители на музичката естрада кај нас. Оние пак, кои не се занимаваат професионално со музика се личности со стеканата музичка култура, тие се редовни поддржувачи на музичката уметност и постојана публика на концертите на сериозна музика. За нив, поради нивното искуство и членување во овој хор, можеме да говориме како за публика која е едуцирана и при одењето на концерт знае што сака и очекува од изведувачите.

*Изведена програма*

Концертната програма на хорот „Пиколо“ започнува со две детски песни од Тоде Новачевски: Едно, две, три, и Пет жапчиња, кои потоа се преточуваат во тонски снимки за потребите на Забавната редакција на РТСкопје. Со исклучок на векеспоменатите композиции, диригентката Весна Димчевска од самиот почеток водењето на хорот го насочува кон дела кои се постојан репертоар на професионалните вокални солисти: Моцартовата „Пролетна песна“, Брамсови соло песни, Баховата „Аве Марија“, Хендлови композиции, италијанската песна „Santa Lucija“. Тоа се композиции кои по својата форма и содржина изискуваат професионалност во изведбата. Освен водењето на мелодиската линија (бидејќи во форма на хорска репродуктива тие се изведуваат едногласно), компактноста на хорскиот звук, Димчевска ги насочува реализациите на овие композиции кон една мошне лирско – емотивна изведба.

Нивниот концертен репертоар се проширува и со соработката со Димитрије Бужаровски, како композитор и изведувач на синтесајзери на настапите на хорот.Така во репертоарот на „Пиколо“ веќе ги срекаваме и Вердиевата „Летни мисло“ и низа други духовни композиции од светски автори изведени на оригинален јазик. Во овој период тие ја изведуваат и кантатата „Духовни“ од Д. Бужаровски. Всушност тоа е и основата за реализација на низа концерти и на нивната аудио касета. „... Разноликоста на префинето избраната програма сочинета од оперски

арии, корали, соло песно, популарната песна Sailing и секако кантатата „Духовни“ напишана за детски хор, камерен оркестар и солисти, го презентираше духовниот мотив во повеќе свои пројавувања од музички и литерален аспект...“ е забелешката на рецензентот во весникот Нова Македонија од 24.06.1992 година.

Во текот на 1992 година хорот обработува четири стари јапонски народни песни, кои успешно ги презентира на оригинален јазик.

Особен успех хорот “Пиколо“ бележи со изведбите на Шубертови и Брамсови соло песни, кои ги изведува честопати на концертните подиуми кај нас и на реализираната турнеја во Германија во 1998 година.

Во овој период тие го изведуваат и циклусот „Свадбени песни“ од Д. Бужаровски, „... во кои авторот се препуштил на волјата на сопствената инвенција и создал циклус со би рекле „возрасни“ уметнички и изведбено – технички атрибути. И тука хористите и диригентката Весна Димчевска се покажаа достојни на тешката задача предизвикувајќи вистински овации во преполната сала...“, забележува рецензентот Марко Коловски по повод изведбите на хорот “Пиколо’. Од овој автор тие го изведуваат и ораториоумот „Радомировиот псалтир“ и циклусот „Eco songs“.

Следува преглед на изведената програма:

Домашни автори:

**1.Бужаровски Димитрије**: кантата *„Духовни*“ (Збила ми се Божја мајка Марија, Онаа старна лепа рудина, Попаднале девет кучки ламји),
циклус: „*Свадбени песни*“ (Се скарале, се степале, Чичо решил да се жени, Ој Стано, Стано, Дудо Дрне),
циклус: *„Eco songs*“ (Убавина, Тополи, Сам во шумата, Прашај, Зборувај со земјата),
ораториум „*Радомиров псалтир*“ (Пролог, Псалм 151, Псалм 32, Тропар, Псалм 51, Псалм 84, Псалм 150)
**2.Броенка**: Едно, две три
**3.Новачевски Тоде**: Пет жапчиња, Дождот врне
**4.Аранжман Мијалковски Дарко**: Мои песни мои сништа
**5.Костов Кире**: На крилјата на љубовта

Странски автори:

**1. Anonimus:** Mt. Fuji (јапонска песна)
**2. Arr: Masuri Ukon**: Sakura, Sakura, Hazy Moonlit Night (јапонска песна)
**3. Bach J.S.**: Корал од Кантата BWV 147 – Herz und Mund und Tat und Leben
**4. Bach – Gounod – Buzarovski**: Ave Maria, Komm suber Tod
**5. Beethoven – Buzarovski**: An die Freude
**6. Bradikj T.**: Rok i solfegio

**7. Brahms J**. - Buzarovski: Gutten abend, Dutten nacht,  Uns leuchtet heut der Freude Schein, Feldensamkeit, Vergebliches Standchen, Wiegenlied, Sapphische Ode
**8. Gruber F. – Buzarovski**: Тивка ноќ
**9. Handel G.F**.: Ombra mai fu, Cantorium jubileo
**10. Mozart - Buzarovski** : Пролетна песна, Приспивна песна, Арија на Керубин од операта „*Свадбата на Фигаро*“
**11. Narita T**.: Song of the beach (јапонска)
**12. Ofenbah J. – Buzarovski**: Дует од операта „*Хофманови приказни*“
**13.** Santa Lucia
**14. Schubert F.** – Buzarovski: Die Forelle, Willkommen leber schoner Mai, Wohin
**15. Spiritual song** – Novacevski T: Nobody now
**16. Sutherland G. – Buzarovski**: Sailing
**17. Verdi G. – Buzarovski D**.: Va pansiero sull alli dorate. Ombra mai fu, Luscia chio pianga
**18. Wilson J. – Novacevski T**: Turn ye to me

*Настапи*

Првиот настап хорот „Пиколо“ го реализира на Новогодишна приредба во  Музичко – балетскиот училишен центар. А, потоа започнуваат низа чести настапи на годишни концерти, концерти по повод Патронатот на училиштето, концерти по повод различни јавни и свечени пригоди: додела на наградата  „Св. Климент Охридски“ (1990), концерт организиран од Македонската филхармонија по повод отворањето на православниот храм „Св. Климент Охридски“, концерт по повод „Мир во земјата, мир во светот“ (1991), на хепенинг по повод „Денот на екологијата“, концерт по повод доделувањето на наградата „13 Ноември“ и низа други.

Веќе во 1992 година во рамките на манифестациите „Скопско лето“ и „Дојрански ракувања“, хорот ги бележи своите први самостојни концерти, кои наидуваат на големо воодушевување од страна на публиката и на стручната музичка јавност. Настапот на манифестацијата „Скопско лето“, рецензиран во весникот Нова Македонија е забележан како: „ Несекојдневно доживување... каде диригентката Весна Димчевска успеа од овие деца да создаде вистински мали професионалци, негувајќи при тоа еден мошне деликатен жанр и за нивните многу

постари и поискусни колеги...“ (Костовска Викица. 1992. „Несекојдневно доживување“ во Нова Македонија. 24.06.1992).

Истиот настап рецензентот на Македонското радио, Димче Николески го забележува како : „...висок програмски и успешен изведувачки дострел... изработен до поединости, уедначеност во формирањето на вокалните делници... кој треба да служи за пример на одредени професионални сили меѓу возрасните кај нас...“.

Низата од настапи хорот „Пиколо“ ги бележи на отворањето на Мировната конференција во Охрид, во 1992 година, година кога овој хор се назначува за колективен член на Детската амбасада. Во текот на оваа година хорот учевствува и на манифестацијата „Недела на Јапонија“, со исполнување на стари јапонски народни песни на оригинален јазик.

Следните години од нивното делување бележат настапи на голем број настани:„Денови на Италија“, манифестација организирана од Детската амбасада, средба на Македонско – хрватско друштво, Светска конференција на жени во 1993 година, промоции на книги, симпозиуми, концерт по повод 50 години од Првото заседание на АСНОМ, целовечерен концерт на Денови на македонска музика, концерт по повод формирањето на „Ротари клуб“ во 1995 година, концерт по повод „Денот на благодарноста“ во организација на американската амбасада во Скопје, концертите „Шубертијада“ на ФМУ во 1997 и „Брамсова вечер“ во 1998 година.

Во текот на јуни / јули 1998 година „Пиколо“ остварува два значајни настапи: концертна турнеја во Германија, како соработка меѓу Македонскиот музички совет и Германскиот музички совет. Одржаните четири концерти од германската јавност се рецензирани како: „ настапи кои го заслужија особениот аплауз, бидејќи беше презентирана не само професионалноста, туку и особеното задоволство и одушевеност при пеењето“ („Piccolo – Westfalicher anzeiger“. Donnerstay. 11.06.1998).

Вториот настан е настапот на фестивалот „Охридско лето“, во црквата „Св. Софија“, концерт за кој стручната јавност ги наслови како: „Достојни музички амбасадори, кои ги краси убав, јасен, вокален израз, лесно совладување на дикцијата... интонативната и ритмичка стабилност, сето ова во коресподенција со нивната амбициозност што видно излегува од реалната биолошка возраст...“ (Наумова Васка. 1998. „Достојни музички амбасадори“ во Нова Македонија. бр.18445:14).

Нивните настапи продолжуваат и се остваруваат во соработка со Амбасадата на Италија во Скопје, Македонската филхармонија по повод Велигденски концерт (1999), настап на Свечена академија по повод 50 годишнина на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, настап на меѓународниот проект „Музичари на новиот милениум’ одобрен од УНЕСКО, настап на одбележувањето на 10 годишен јубилеј на Јапонско – македонското друштво во 2000 година, Настап на Европски симпозиум во МАНУ , концерт по повод одбележувањето на традиционалните „Денови на екологија“ во 2003 година и др.

Во периодот до 2003 година хорот “Пиколо“ реализирал вкупно 85 концерти.

*Аудио и видео материјали*

Во текот на своето делување хорот „Пиколо“ досега реализирал вкупно 44 снимки, од кои 14 се аудио и 27 видео материјали.

Првите тонски снимки детскиот хор „Пиколо“ ги реализира за потребите на Забавната продукција на РТС ,за детската емисија „До, ре, ми“ и тоа композициите : „Пет жапчиња“ и „Дождот врне“ од Тоде Новачевски. А телевизискита снимка по повод Свечен добротворен концерт во 1990 година била избрана за една од најубавите музички моменти на МРТВ.

Видео материјали хорот реализира во многу културно – информативни емисии и културни магазини на МРТВ: „Добро утро, добар ден“, „Само еден час“, „Канал Д“, „Пулсирања“, „Оваа сабота без работа“, „Неделно попладне“и др. Овие снимки по својата атрактивност побудуваат голем интерес кај публиката и неретко се бирани како најдобри месечни изданија и испраќани во прекуокеанските земји за нашите сонародници.

Во продукцијата на МРТВ како тонски записи забележани се и нивните целовечерни концерти на манифестацијата „Скопско лето“, концертот од Мировната конференција во Охрид, од изведбите на „Радомиривиот псалтир“ од Димитрије Бужаровски изведени по повод православниот празник Велигден во 1999 година.

По повод Божиќните и Новогодишните празници во 1993 година хорот реализира и видео спот во соработка со Детската амбасада, а во 1998 година релизираната нова видео снимка со Бетовеновата “Ода на радоста“, за Забавната редакција на МРТВ е емитувана на 31 декември во 24,00 часот како новогодишна честитка.

Аудио снимките хорот „Пиколо“ го реализира за потребите на Редакцијата за сериозна музика на РТС. Во овој контекст трајно остануваат забележани изведбите на Баховата „Аве Марија“, Вердиевата „Летни мисло“, македонската и американската химна, аудио снимка на песната „Америка“ на ФМУ, аудио запис на Шубертовите соло песни: „Пастрмка“, „Каде“, „Дојде драг убав мај“, „Аве Марија“, Брамсовите композиции: „Денес не осветлува сјајот на радоста“, „Осамен во поле“, „Залудна серенада“, „Приспивна песна“, „Одата на Сафо„, циклусот композиции „Свадбени песни“ од Димитрије Бужаровски и ораториумот „Радомировиот псалтир“ од истиот автор.

Нивната голема активност, специфичен репертоар и успешните изведби водат и кон промоција на аудио касета во 1994 година, со наслов „Духовна музика“ во реализација на музичко – касетната продукција на МРТВ, која воедно е и прва од ваков вид во Македонија.

*Соработка со уметници*

Една од најдолгогодишните соработки хорот „Пиколо“ остарува со Снежана Димчевска, професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Уште од самите почетоци на постоењето на хорот, соработката со проф. Снежана Димчевска е една несебична, постојана, морална и професионална помош во работата и делувањето на хорот „Пиколо“.

А една од најистакнатите соработки на хорот е соработката со проф. Димитрије Бужаровки, која датира од 1992 година. Во текот на овој период, во годините што следат тој одигрува значајна улога во збогатувањето на репертоарот на овој хор, со транспозиција на професионалниот солистички репертоар, истовремено е и интерпретатор на сентисајзери, а од оваа соработка произлегуваат и неговите композиции: кантатата „Духовни“, циклусите „Свадбени песни“ и „Еко сонгс“ и ораториумот „Радомировиот псалтир“.

Во текот на нивните изведби тие соработуваат со истакнати македонски репродуктивни уметници меѓу кои :солистите Марија Муратовска - сопран и Милан Фирфов – баритон (во кантатата „Духовни“), Ана и Игор Дурловски, Марјан Николовски (во „Радомировиот псалтир“) и други.

Долгогодишната работа на хорот „Пиколо“ резултира и со соработка со повеќе ансамбли и музички уметници, од самите почетоци со Хорот и Оркестарот на ДМБУЦ, Македонската филхармонија и повеќе македонски диригенти.

Следува приказ на соработката на хорот „Пиколо“ со музички уметници:

*Ансамбли*: Хор и Оркестар на ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“, Македонска филхармонија, соработка со Македонска опера, Хор и Симфониски оркестар на ФМУ

*Диригенти*: Ле Фи Фи, Рамадан Шукри, Александар Лековски, Тадеуш Козловски, Перо Петровски, Тоде Новачевски

*Вокални солисти*: Ана Стаменковска – сопран, Надежда Петрова – сопран, Марјан Николовски – тенор, Игор Дурловски – бас, Благица Панева – сопран, Македонка Попниколова – сопран, Марија Муратовска – сопран, Милан Фирфов – баритон, Сузана Турунџиева – сопран

*Пијано придружба*: Рита Трпчева, Зоран Пехчевски, Данче Агапиева, Дарко Мијалковски (сентисајзер), Ирена Костиќ, Дирона

Соколовска, Александар Пандиловски, Татјана Огњаноска, Димитрије Бужаровски (синтесајзери)

*Останато:* Мојца Сејдеу (ударни инструменти)

Активноста на хорот „Пиколо“ продолжува, со постојани проби и неуморно работење во освојување на нови програмски предизвици и во создавање на нови креации. Неуморноста на диригентката Весна Димчевска во создавањето на нови членови на хорот „Пиколо“, ја согледуваме постојано со редовните часови, проби и настапи. Во текот на изминатите трисестина години, лесниот, прозаичен и чист детски глас и професионалното водење и раководење на хорот, нивните професионални настапи , активното делување и специфичниот репертоар кој го негува хорот „Пиколо“ придонесе за збогатување на музичкиот живот кај нас. Тие се уште се единствениот детски хор во нашите простори, кој го негува професионалниот вокален солистички репертоар.